

# Јавна тајна е дека Спасовски и неговите луѓе со нарко картелите се во пакт, реторичко е прашањето кој ја проби полициската акција

**Секоја држава има криминалци, само во Македонија криминалците имаат своја држава.**

Епската битка против сузбивањето на голема група на криминалци, шверцери и дилери на дрога која Спасовски гордо се пофали, заврши со заплена на минимално количество на дрога од дури 100 грама кокаин и уапсени ситни „риби“.

На главните криминалци, нарко-босови некој од власта им дојавил за акцијата и им дозволиле да побегнат.

Оливер Спасовски безобразно ја излажа целокопната македонска јавност дека акцијата „Планина“ со заплена од 100 грама дрога и пронајдени клучеви од автомобили е успешна.
Јавноста е сведок како Оливер Спасовски и функционери од СДСМ гордо се сликаат со нарко босовите на т.н акција „Планина“. Истите лица кои побегнаа и се спасија, се во друштво на Спасовски. Оној истиот Спасовски кои веќе 5 години е прв човек во министерството за внатрешни работи и нема реализирано ниту една успешна акција.

Оливер Спасовски и Вилма Русковска треба да одговорат кои високи функционери од МВР им дојавија на криминалците од Грчец и Арачиново дека се организира акција и им помогна да побегнат?

Нерасчистени убиства, престрелки сред бел ден, криминалците кои неприкосновено шверцуваат дрога низ улиците се секојдневие во Македонија и за ова никој нема

понесено одговорност.
Заев и Спасовски се способни само за криминал.

Македонија е закована на дното на сите реномирани светски извештаи за справување со криминалот и корупцијата.

Одговорност за ваквото криминално однесување ќе има.

**ВМРО-ДПМНЕ**